РЕЗИМЕА ОД ОДБРАНЕТИ ДОКТОРСКИ И МАГИСТЕРСКИ ТЕЗИ

# УЧЕБНИЦИТЕ ЗА ПОЧЕТНО ЧИТАЊЕ И ПИШУВАЊЕ ЗА УЧЕНИЦИТЕ СО ЛЕСНА ИНТЕЛЕКТУАЛНА ПОПРЕЧЕНОСТ ВКЛУЧЕНИ ВО ИНКЛУЗИВНОТО ОБРАЗОВАНИЕ

*Славица ТОДОРОВА*

ПОУ „Иднина“
Скопје, Република Македонија

Примено: 15.07.2016
Прифатено: 25.07.2016

Славица Тодорова го одбрани својот магистерски труд на 30. 05. 2016 година на Институтот за дефектологија при Филозофскиот факултет, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ – Скопје, пред комисијата во состав: проф. д-р Наташа Чичевска-Јованова, проф. д-р Зора Јачова и проф. д-р Даниела Димитрова-Радојичиќ.

## Резиме

Магистерскиот труд претставува современа, научно-емпириска студија презентирана на 103 страници, структурирана со вовед и шест поглавја: *Теоретски основи на проблемот*, *Методологија на истражувањето, Анализа на резултатите со дискусија, Заклучни согледувања со предлози, Литература* и *Прилози*. Литературата која е користена за изработка на магистерскиот труд е составена од 67 библиографски единици на англиски и македонски јазик, претставувајќи дел од актуелните тематски соодветни ракописи произлезени од голем број научно-истражувачки студии и проекти реализирани во многу земји низ светот.

Првото поглавје од магистерскиот труд претставува мошне солидна теоретска елаборација и дефинирање на проблемот на истражувањето.

Адреса за кореспонденција
*Славица ТОДОРОВА*
ПОУ „Иднина“
Скопје, Р. Македонија
Е-пошта: slavicaprof@yahoo.com

ABSTRACT FROM DEFENDED DOCTORAL AND POST-GRADUATED THESES

# TEXTBOOKS FOR INITIAL READING AND WRITING FOR STUDENTS WITH MILD INTELLECTUAL DISABILITY INCLUDED IN INCLUSIVE EDUCATION

*Slavica TODOROVA*

SPS “Idnina”
Skopje, Republic of Macedonia

Recived: 15.07.2016
Accepted: 25.07.2016

Slavica Todorova defended her master's thesis on 30.05.2016 at the Institute of Special Education, Faculty of Philosophy, University "Ss. Cyril and Methodius "- Skopje in front of the commission consisting of Prof. Dr. Natasha Chichevska - Jovanova, Prof. Dr. Zora Jachova and Prof. Dr. Daniela Dimitrova - Radojchikj.

## Abstract

The master thesis is a modern, scientific and empirical study presented at 103 pages, structured with an introduction and six chapters: Theoretical foundations of the problem, Research methodology, Analysis of results and discussion, Concluding observations with suggestions, Literature and Annexes. The literature that has been used for preparation of the thesis is composed of 67 bibliographical units in English and Macedonian Language, representing part of the current thematic relevant manuscripts drawn from many research studies and projects implemented in many countries around the world.

The first chapter of the thesis is a very solid theoretical elaboration and definition of the research problem.

Corresponding Address:
*Slavica TODOROVA*
SPS “Idnina”
Skopje, R. Macedonia
E-mail: slavicaprof@yahoo.com

Ова поглавје содржи единаесет поднаслови – целини што се однесуваат на воспитно-образовната работа во училиштата во Македонија. Прилагодувањето на срединатa кон децата е всушност основата на инклузивното образование, коешто се објаснува во втората целина. Понатаму во теоретските основи се претставени начините на имплементација на инклузивното образование и свесноста за потребата од инклузивно образование. Како што е изложено во трудот, имплементирањето на инклузивното образование во училишниот систем е неминовно условено од развојот на успешната инклузивна култура и инклузивната практика. Објаснети се индексот на инклузија, разликите во терминолошката определба на поимите инклузија и интеграција, основните принципи за квалитетно инклузивно образование. Индекс, всушност, значи ресурси за поддршка на развојот на инклузијата во училиштата. Претставува сеопфатен документ што помага во изнаоѓање различни чекори за поставување соодветен амбиент, односно опкружување во наставниот процес. Индексот помага во воспоставување соработка меѓу ученикот и наставникот и за подобрување на наставната средина. Го претставува гледиштето според кое учениците учат преку нивната активна вклученост во процесот на учење и она што го учат го интегрираат со своето сопствено искуство. Индексот е, практично, документ што го опишува значењето на инклузијата од сите аспекти во училиштето. Поимот инклузија во својата суштина содржи процес на менување, односно промени, и тоа е бескраен процес на создавање промени за подобрување на наставата и на вклученоста на сите ученици во наставните активности. Честопати овој поим се поистоветува со поимот интеграција, па затоа е неопходно да се направи дистинкција меѓу нив. Додека интеграцијата е само физичко преместување на учениците во амбиент на редовно училиште, инклузијата вклучува создавање услови во физичката средина за активно вклучување во тој амбиент. Основните принципи за квалитетно инклузивно образование се: еднаква прифатеност на сите деца; сите деца учат на различен начин. На крајот од теоретскиот дел се обрнува внимание на ресурсите за учење, со посебен акцент на учебникот. Битно обележје за еден учебник е логичниот редослед на воведувањето нови поими, а притоа да се одли-

This chapter contains eleven headings - sections relating to the educational work in schools in Macedonia. The adaptation of the setting to the children is the basis of inclusive education, which is explained in the second section. The ways of implementation of the inclusive education and the awareness of the need for inclusive education are presented further in the theoretical foundations. As outlined in the paper, the implementation of the inclusive education in the school system is inevitably conditioned by the development of successful inclusive culture and inclusive practice. The index of inclusion, the differences in the terminological determination of the terms inclusion and integration, the fundamental principles of quality inclusive education are explained. *Index*, actually means resources that support the development of the inclusion in schools. It is a comprehensive document which helps in finding different steps for setting an appropriate setting or environment in the teaching process. The index helps in establishing cooperation between pupils and teachers and improves the teaching environment. It represents an aspect where students learn through their active involvement in the learning process and what they learn they integrate it with their own experience. The index is practically a document that describes the importance of the inclusion from all aspects of the school. The term inclusion, in its essence, contains a process of changing, that is changes, and it is a never ending process of making changes for improvement of the teaching and the inclusion of all students in the teaching activities. Often this term is identified with the term integration, so it is necessary to make a distinction between them. While integration is only physical relocation of students in the regular school setting, inclusion involves creating conditions in the physical environment for active involvement in that setting. Basic principles for quality inclusive education are: equal acceptance of all children; all children learn differently. At the end of the theoretical part an attention is paid to the learning resources, with special emphasis on the textbook. Important landmark for a textbook is the logical order of introducing

кува со јасно издиференцирани содржини што ќе бидат во функција на усвојувањето знаења, а за помалите одделенија во функција на стекнување вештини и способности што ќе придонесат за усвојување трајни знаења. Во современиот начин на живеење, неопходно е да се креира учебник што ќе ги задоволи потребите и на учениците со интелектуални пречки, кои се соочуваат со тешкотии во усвојувањето знаења. *Проблеми во учењето* не претставува специфичен термин, туку категорија која содржи многу специфични проблеми, а секоја од нив е причина за отежнато учење, односно нарушување во еден или повеќе основни процеси вклучени во разбирање на говорот и пишаниот јазик.

Во второто поглавје од магистерскиот труд е објаснета методолошката поставеност на емпириското истражување – истражувањето е квантитативно и квалитативно, а притоа јасно се дефинирани предметот, целите и задачите на истражувањето, поставени се хипотезите и детерминиран е примерокот на истражување со утврдување на сите зависни и независни варијабли. Предмет на истражување во овој труд е соодветноста на учебниците по Македонски јазик како ресурс во наставата во прво и второ одделение во редовното основно образование за подготовка за почетно читање и пишување и како ресурс за почетно читање и пишување којшто е соодветен и за учениците со лесна интелектуална попреченост. Од предметот произлегуваат и целите на истражувањето: целта на ова истражување е да се проучи соодветноста и применливоста на содржините од учебниците по Македонски јазик за прво и второ одделение во деветгодишното образование во инклузивна училница, односно дали се соодветни за подготовка за почетно читање и пишување и за почетно читање и пишување во однос на учениците со лесна интелектуална попреченост. Истражувањето има дескриптивен карактер, насочено е кон откривање и анализа на проблемите во учењето што се јавуваат кај децата во училишниот период од аспект на примена на учебниците како главно наставно средство.

Во третото поглавје е претставена анализата на резултатите со богат илустративен материјал со дискусија и споредба на добиените резултати со низа релевантни истражувања. Анализата на теоретските расправи и емпириските податоци до кои е дојде-

new concepts, which distinguish itself with clearly differentiated content that will be aimed at the adoption of knowledge, and for the lower grades will be aimed at acquiring skills and abilities that will contribute to the adoption of long lasting knowledge. In the modern way of living, it is necessary to create a book that will satisfy the needs of the students with intellectual disabilities, who face difficulties in adopting knowledge. *Problems in studying* is not a specific term, but a category that contains many specific problems, each of which is the cause of learning difficulties or disorder in one or more basic processes involved in understanding speech and written language.

In the second chapter of the thesis the methodological structure of empirical research is explained- the research is quantitative and qualitative with clearly defined subject, goals and objectives of the survey, the hypotheses are set and the sample of research is determined by determining all dependent and independent variables. The subject of the research in this paper is the appropriateness of the Macedonian Language textbooks as a resource in teaching in first and second grade in regular primary education for preparation for initial reading and writing and resource of initial reading and writing which is suitable for students with mild intellectual disability. The research objectives arise from the subject: The objective of this research is to study the suitability and applicability of the contents of Macedonian Language textbooks for first and second grade in the nine-year education in an inclusive classroom, that is whether they are appropriate for preparation for initial reading and for initial reading and writing for students with mild intellectual disabilities. The research has descriptive character, it is directed towards the detection and analysis of the problems in learning that occur in children in the school period in terms of application of the textbooks as the main teaching tool.

The third chapter presents the analysis of the results with rich illustrative material with discussion and comparison of the results obtained in a series of relevant research. The analysis of the theoretical debates and the empirical data resulting from the research

но во истражувањето, упатуваат на следниве заклучни согледувања: задолжителните учебници за прво и второ одделение по Македонски јазик повеќе ги користат одделенските наставници отколку наставниците дефектолози; попозитивни мислења за учебниците даваат наставниците со помалку работен стаж; бројот на предвидените содржини за подготовка за почетно читање и пишување, односно почетно читање и пишување не е доволен и од аспект на одделенските наставници и од аспект на наставниците дефектолози; наставниците дефектолози, како и одделенските наставници сметаат дека учебниците не го следат развојот на јазичните карактеристики на учениците со лесна интелектуална попреченост; одделенските наставници повеќе се согласуваат дека визуелната компонента на учебниците е соодветна за учениците со лесна интелектуална попреченост за разлика од наставниците дефектолози; учебниците по Македонски јазик во прво и второ одделение повеќе се насочени кон стекнување знаења, а помалку кон развивање вештини и способности; за учениците со лесна интелектуална попреченост од пресудно значење за усвојување понатамошни знаења е стекнувањето соодветни вештини; во учебниците не е доволно развиена воспитната функција за прифаќање и почитување на лицата со пречки во развојот.

Резултатите од ова истражување придонесуваат за директно, непосредно согледување на состојбата со учебниците по Македонски јазик за прво и второ одделение во деветгодишното основно образование од аспект на примената на едно наставно подрачје од Наставната програма по Македонски јазик за прво и второ одделение и се препорачува во процесот на креирањето на учебниците за основно образование, особено за изведување инклузивно образование, вклучување стручњак дефектолог во тимот за изработка на учебници. За да имаме успешна инклузија, потребно е стручните лица – дефектолозите да бидат вклучени во сите сфери на општествениот живот.

***Клучни зборови****: инклузивно образование, учебници, ученици со лесна интелектуална попреченост.*

point to the following conclusions: the compulsory Macedonian Language textbooks for first and second grade are used more by the classroom teachers than teachers - special educators; more positive opinions about the textbooks are given by the teachers with less work experience; the number of anticipated content for preparation for initial reading and writing, that is initial reading and writing is not sufficient from the aspect of the classroom teachers and teacher-special educators. The teachers also think that the books do not follow the development of linguistic characteristics of students with mild intellectual disabilities; the classroom teachers agree more than the teachers – special educators that the visual component of textbooks is students with mild intellectual disabilities apart from the teachers, special education teachers; Macedonian Language textbooks in first and second grade are more aimed at acquiring knowledge and less at developing skills and abilities; for the students with mild intellectual disability acquiring appropriate skills is crucial for adoption further knowledge; in the textbooks the educational function of acceptance and respect for people with disabilities is not sufficiently developed.

The results of this research contribute to the direct, immediate recognition of the state of the Macedonia Language textbooks for first and second grade in the nine-year primary education in terms of the application of a teaching area of the curriculum for Macedonian language for first and second grade and it is recommended in the process of creation of the textbooks for primary education, especially for conducting inclusive education, including a special educator in the team for preparation of the textbooks. To have a successful inclusion, experts - special educators to be involved in all spheres of the social life is necessary.

***Keywords****: inclusive education, textbooks, students with mild intellectual disability*